**НЕОКОРТЕКС**
Центар за психотерапија,
психодијагностика, тренинг и едукација
Бул. Јане Сандански 11-1/25
ЕДБ: МК4032017536455
**Тел: +389 76 496 496**
**www.neocortex.mk**

# „Значењето на поддршката од семејството и семејна-системска психотерапија, при третман на психотични растројства''

**Апстракт**

Семејната поддршка и вклученост не смее да се потцени кога разговараме за психотерапевтските пристапи и ефикасен третман на менталните растројства, особено на комплексните психотични растројства. Додека полето на психологијата непрекинато се развива, признавањето на големата улога на семејството, допринесува системските тераписки пристапи да добиваат се поголемо значење.
Оваа презентација се занимава со длабоките последици и корист од семејната поддршка во комбинација со семејна-системска психотерапија во третманот на овие растројства. Семејството, како примарна социјална единица и систем, често служи како прва линија на одбрана со тешките предизвици од овие ментални здравствени растројства. Нивната поддршка и психо-едуцираност може да допринесе за рано препознавање на симптомите, да го зголеми прифаќањето на растројството и да го поддржи и засили терапевтскиот сојуз на клиентот со психотерапевтот и психијатарот. Поместувањето на акцентот од индивидуата кон целиот семеен систем, е неопходен чекор кој допринесува за поефективен третман и побрза ремисија. Семејна-системска психотерапија не се занимава само со индивидуата со растројство, туку и со релациските динамики во семејството, кои директно можат да ги ублажат или засилат симптомите. Преку интеграција на овие два елементи, постои потенцијал за поинтегрален и холистички пристап кон третманот. Оваа синтеза е круцијална, бидејќи психотичните растројства често допринесуваат за прекин на семејните врски и динамики. Преку комбинација на практични примери од студии на случаеви и емпириски истражувања, оваа презентација ќе го истакне значењето на овие вплетени терапевтски стратегии, ставајќи акцент на нивниот потенцијал да го направат поефикасен начинот на кој пристапуваме, ги разбираме и третираме психотични растројства. Предлагам отворен тераписки модел со технички еклектизам, во кој семејната поддршка и семејна-системска психотерапија дејствуваат синергетски, создавајќи патека за поефективни интервенции и подобри исходи за клиентите.

М-р Ивана Хаџиванова Психолог, Гешталт Психотерапевт,
Семеен-Системски советник и ЕМДР Практичар

Основач на НЕОКОРТЕКС - Центар за психотерапија, психодијагностика, тренинг и едукација